**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ**
**ВО МАКЕДОНИЈА**

---

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Фактот дека Претседателот на Владата на Република Македонија и претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија во повеќе наврати, значи во континуитет, по прашањето на идниот статус на српската покраина Косово и Метохија, која е под протекторат на Обединетите Нации, дава лекомислени и непромислени изјави спротивни на утврдената државна политика на Република Македонија, спротивни на договорот за коалицирање помеѓу Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и Демократската партија на Србите во Македонија, каде што во Договорот стриктно стои „Почитување на Резолуцијата 1244 на Советот на безбедност на Обединетите Нации, почитување на принципот на непроменливост на границите и принципот на територијалниот суверенитет и интегритет на државите“ и спротивно на советите и препораките на меѓународната заедница, пред се ставот на Контакт групата која повика на воздржаност на изјавите и однесувањето во однос на идниот статус на Косово и Метохија (ова би требало пред се да се однесува на соседните држави).

После сите овие констатации сосема оправдано се наметнува размислувањето дека претседателот на Владата на Република Македонија и претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија станал не само промотор туку и лобист на идејата за независно Косово.

Со оглед на горенаведеното оправдано ни се наметнуваат прашањата: зошто Претседателот на Владата не посвети повеќе внимание на економските реформи кои и се неопходни на државата, зошто не посвети повеќе време на консолидација на својата партија во пресрет на претстојните парламентарни избори, зошто не ги почитува преземените обврски кон коалиционите партнери и многу други прашања

кои имале и ќе имаат импликации во политичкиот живот во Република Македонија.

Со оглед на Уставните овластувања на претседателот на Републиката во областа на надворешната политика не можеме, а да не прашаме „Има ли пилот во авионот, господине Претседателе“?

Скопје, 24.03.2006

Демократска Партија на Србите во Македонија
Претседател
Иван Стоилковиќ